# ПРИРАЧНИК ЗА „ЗЕЛЕНО“ РАБОТЕЊЕ



**ЗОШТО ДОКУМЕНТ СО ПОЛИТИКИ?**

КЛУЧНИ ПОЕНТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ГРИНЛИД
КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ ОД ЗЕЛЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА ЗА МСП
ПРИОРИТЕТИ НА ЕУ ЗА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА
ТЕКОВНИ ПОЛИТИКИ ШИРУМ ЕВРОПА
НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ВО ЕВРОПА
ШТО КАЖУВААТ ЕВРОПСКИТЕ МСП?
ПРЕПОРАКИ
ЗАКЛУЧОК

**Поддршка на МСП во зелената транзиција**

Co-funded by the European Union

## ДЕЛ 2

## ДОКУМЕНТ СО ПОЛИТИКИ

GREENLEAD

Финансирано од Европската Унија. Искажаните ставови се на авторите исклучиво и не мора да ги отсликуваат оние на Европската Унија или Европската агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија, и Агенцијата не сносат одговорност за истите.

Ова издание е лиценцирано во рамки на Creative Commons 4.0. Тоа значи дека може да се употребува, копига, доставува, изменува и prilagoduva се додека се наведува авторот и и дека е лиценцирано од Creative Commons.

# ЗОШТО ДОКУМЕНТ СО ПОЛИТИКИ

Транзицијата кон одржлива и килматски неутрална економија претставува и можност и предизвик за младите и следни претпријатија (МСП) од Европа. Додека од едни МСП се очекува да спроведат поодржливи бизнис модели, да го подобрат користењето на ресурси и да се усогласат со тековните ЕУ закони, други се соочуваат со пречки кои се поврзани со ограничени финансиски извори, недоволно развиени способности за одржливост и недостиг од практично насочување.

Проектот ГринЛид е развиен за да ги поддржи МСП и стручното образование за да се адресираат овие предизвици. Овој документ со политики ќе ги претстави главните заклучоци од истражувањето заедно со клучни препораки за носителите на одлуки, обучувачите, субјекти за поддршка на бизнисите и самите МСП за да ја забрзаат зелената транзициија.



**99% од бизнисите во Европа се МСП.**



**Зелена транзиција бара нови зелени, дигитални и лидерски способности.**



**Препораките врз основа на докази произлегуваат од деск истражување, добри практики и теренско истражување во 6 европски држави.**



**ГринЛид ги поддржува МСП преку практична обука, дигитални алатки и развој на способности.**

**ОВОЈ ДОКУМЕНТ ЌЕ:**

- сумира моменталната состојба со зелената транзиција на МСП;
- потенцира на главните предизвици и можности;
- претставување препораки за политики врз основа на докази;
- поддржување на носители на одлуки, стручно образование, и организации за бизнис поддршка во зајакнување на конкурентноста ширум Европа.

**ЗА КОГО Е НАМЕНЕТ ДОКУМЕНТОТ?**

- Креатори на политики
- Стручно образование
- Сопственици и менаџери на МСП
- Стопански комори
- Организации за бизнис поддршка
- Агенции за истражување и иновации



# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО НА ГРИНЛИД

1. **МСП имаат централно место во зелената транзиција на Европа**
99 отсто од сите претпријатија во Европа се мали и средни претпријатија и со тоа играат важна улога во исполнувањето на целите за одржлив развој.

2. **Одржливоста носи можности, но и предизвици**
Зелената транзиција овозможува иновација, подобрување на конкурентноста и пристап до нови пазари, додека, истовремено, ги зголемува потребите за инвестирање, усогласување со регулативите и нови способности.

3. **Зелените и дигиталните способности се меѓусебно поврзани**
Успешното спроведување на стратегиите на одржливост бараат вработените знаењата од животна средина да ги поврзат со дигиталните способности, анализата на податоци и носење на одлуки врз основа на информации.

4. **На МСП им треба практична поддршка, а не сложени регулативи**
Многу МСП имаат потешкотии да ги пренесат политиките за одржливост на ЕУ во секојдневната работа и имаат потреба од пристапно насочување, практични алатки и методологии.

5. **Соработката е најважна**
Соработката помеѓу МСП, стручно образование, субјектите за поддршка на бизнисот и креаторите на политики е важна за забрзување на зелената транзиција и споделување на позитивни практики.

6. **Долгорочното учење станува стратешка неопходност**
Потребно е постојано подобрување и реоубучување за вработените и менаџерските тимови на МСП за да можат да се прилагодат на нови регулативи од животната средина, барања за ЕСГ известување и нови зелени бизнис модели

7. **Практичните алатки го подигнуваат капацитетот за спроведување**
Дигиталните алатки, начини на проценка на одржливоста, ЕСГ рамки и структуирана програма за обука можат значително да помогнат на МСП во спроведување на мерки за одржливост.

8. **ГринЛид обезбедува практични решенија**
ГринЛинд проектот придонесува кон развој на рамки за конкурентност, модули за учење, дигитални ресурси и практично насочување за потребите на МСП и стручното образование.

## ДЕСК ИСТРАЖУВАЊЕ

**Преглед на ЕУ приоритети, закони, политики и научни докази поврзани со зелената транзиција на МСП.**

## НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

**Анализата на успешни европски иницијативи и иновативни практики помагаат за одржлива бизнис трансформација.**

## ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Оценка врз основа на докази за потребите на МСП и стручно образование и недостиг на вештини во сите 6 континенти.**

**Истражување на ГринЛид покажа дека зелената транзиција не е само еколошки предизвик, туку и бизнис преобразба. За успешно да ги изградат зелените капацитети на МСП им требаат практични алатки, пристап до обуки и силна соработка помеѓу образование, индустрија и креатори на политики.**

# КЛУЧНИ ПРИНЦИПИ НА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА МСП

Зелената транзиција е процес на преобразба на економијата кон одржлива, ниско јаглеродна и ефикасна во искористување на ресурсите преку намалување на влијанијата врз животната средина, промовирање на принципите на кружна економија, примена на чисти технологии и обновлива енергија и поддршка на инклузивен економски раст.




**Сите овие принципи заедно се основата за градење на конкурентни, издржливи и еколошки одржливи МСП.**



# ПРИОРИТЕТИ НА ЗЕЛЕНАТА ТРАНЗИЦИЈА НА ЕУ

Европскиот зелен договор дава стратешка рамка за транзиција на континентот кон климатски неутрална, ефикасна во употребата на ресурси и конкурентна економија. Поврзува закони, инструменти за финансирање и иницијативи кои поддржуваат бизниси, вклучувајќи МСП, во примена на поодржливи бизнис модели.

1



## КЛИМАТСКА АКЦИЈА

- Климатска неутралност до 2050
- Намалување на најмалку 55% од емисиите до 2030
- Поддршка за декарбонизација и климатска прилагодливост

2



## ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНОВАЦИЈА

- Одрживи технологии
- Дигитална трансформација
- Horizon Европа и финансирање на иновација
- Истражувања кои го поддржуваат Зелениот договор

3



## ИНДУСТРИЈА

- Ефикасност во употреба на ресурски
- Кружна економија
- Одржливо производство
- Зелена индустриска трансформација

4



## ЕНЕРГИЈА

- Обновлива енергија
- Енергетска ефикасност
- Водородни технологии
- Интегрирани енергетски системи

5



## ПРЕВОЗ

- Превоз со нула емисии
- Алтернативни горива
- Паметна мобилност
- Чисти технологии

6



## ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Заштита на биодиверзитетот
- Нула загадување
- Кружна економија
- Одржлива употреба на ресурси

# ШТО ЗНАЧИ ОВА ЗА МСП?

Европскиот зелен договор создава нови можности за МСП, а истовремено бара инвестиции, нови способности и прилагодување на нови услови на одржливост.

**МОЖНОСТИ**

- Зелена иновација
- Пристап до ЕУ финансии
- Дигитална трансформација
- Нови бизнис модели
- Кружна економија
- Заштеда на енергија
- Конкурентна предност

**ПРЕДИЗВИЦИ**

- Почетни инвестиции
- Усогласување со регулатива
- Недостиг од способности
- ЕСГ известување
- Примена на технологија
- Надградба на работната сила



| ЕУ приоритети | Главни цели | Придобивки за МСП |
|---|---|---|
| Климатска акција | Климатска неутралност | Ниско загадување и зелена конкурентност |
| Истражување и иновација | Зелени технологии | Финансирање на иновација |
| Индустрија | Кружна економија | Ефикасност на ресурси |
| Енергија | Обновлива енергија | Ниски трошоци за работа |
| Превоз | Чиста подвижност | Одржлива логистика |
| Животна средина | Биодиверзитет и намалување на загадувањето | Одржливи производи |

Климатски неутрална, конкурентна и издржлива европска економија до 2050.

Зелената транзиција е стратешка можност за МСП да иновираат, растат и останата конкурентни

# ВАЖЕЧКИ ПОЛИТИКИ ВО ЕВРОПА

| Држава | Политика / Закон | Извор | Краток опис |
|---|---|---|---|
| | Интегрирана рамка за управување со отпад и кружна економија (Закон 4819/2021) | Владин весник A' 129/23.07.2021 | Ја воспоставува рамката за кружна економија на Грција, намалување на отпад, обврски за рециклирање, управување со отпад од пакување и мерки за ресурсна ефикасност за МСП. |
| | Намалување на влијанието на одредени производи од пластика врз животната средина (Закон 4736/2020) | Владин весник A' 200/20.10.2020 | Преку ЕУ директивата за еднократна употреба на пластика предвидува рестрикции на употребата на пластика за еднократна употреба, охрабрувајќи ги претпријатијата да применат одржливи алтернативи. |
| | Национален план за управување со отпад (NWMP) 2020–2030 | Службен весник A' 185/31.08.2020 | Ги одредува приоритетите на Грција за намалување на отпад, рециклирање, пренасочување на депонии и спроведување на кружна економија до 2030. |
| | Национален план за енергија и клима (NECP/ESEK) | Ревидирана национална стратегија | Поставува национални цели за обновлива енергија, енергетска ефикасност, декарбонизација, зелени инвестиции и насочувања за изнаоѓање на можности за финансирање на МСП. |
| | ESPA 2021–2027 акции за зелена транзиција | ЕУ кохезивна програма за финансирање | Нуди финансиска поддршка на претпријатија за зелена иновација, одржлив развој, ефикасност во употреа на ресурси и еколошка надградба. |
| | Индустриска стратегија на Словенија 2021–2030 | Влада на Република Словенија (2021), 31000-2/2021/3 | Промовира зелена и дигитална трансформација на индустријата, иновација и ефикасност во употреба на ресурси. |
| | Интегриран национaлн план за енергија и клима (NEPN 2024) | Влада на Република Словенија (надграден во 2024) | Поставува национални цели за обновлива енергија, енергетска ефикасност и климатска неутралност. |
| | Словенска стратегија за паметно насочување (S5) 2021–2027 | Влада на Република Словенија (во тек) | Поддржува иновација, зелени технологии и развој на одржливи бизниси. |
| | Развојна стратегија на Словенија 2030 | Влада на Република Словенија (2017) | Долгорочна визија на Словенија за одржлив и инклузивен развој. |

| Држава | Политика / Закон | Извор | Краток опис |
|---|---|---|---|
| | Закон за климатски промени и енергетска транзиција — Закон 7/2021 | BOE-A-2021-8447 | Ја воспоставува рамката на Шпанија за климатска неутралност, обновлива енергија, енергетска ефикасност и одржлива мобилност. |
| | Кралски указ за пакување и отпад од пакување 1055/2022 | Кралски указ 1055/2022, од 27 Декември | Зајакнување на политиките за намалување на отпад од пакување, реупотреба, рециклирање и одговорност на производителите. |
| | Кралски указ за услуги за полнење на електрични возила бр. 184/2022 | BOE-A-2022-4361 | Го зајакнува развојот и функционирањето на инфраструктурата за полнење на електрични возила. |
| | Закон за отпад и загадена почва за кружна економија бр. 7/2022 | BOE-A-2022-5809 | Промовира намалување на отпад, рецикрлирање, кружна економија и одржливи производство и конзумирање. |
| | Кралски указ за лична потрошувачка на електрична енергија бр. 244/2019 | BOE-A-2019-5089 | Ги регулира административните, техничките и економските услови за лична употреба на електрична енергија. Ја зајакнува доставата на електрична енергија и дефинира дека обновливата електрична енергија за сопствена употреба е исклучена од одредени давачки. |
| | Закон за животна средина | Службен гласник на Република македониа бр. 44 од 19.03.2015 | Основниот закон кој ги опфаќа аспектите на заштита на животната средина. |
| | Закон за управување со отпад | Службен гласник на Република Македонија бр. 9, 25.01.2011 | Регулатива за политиките и процедурите за управување со отпад. Ја применува Директивата 2008/98/ЕС на Европскиот парламент и Европскиот совет од 18-ти Ноември (CELEX бр. 32008L0098); Ги поставува правилата и процедурите за реупотреба на отпад. |
| | Закон за управување со пакување и отпад од пакување | Службен гласник на Република Македонија бр. 161/2009, 17/11, 47/11,136/11, 6/12, 39/12, 163/13, 146/15 и 39/16 | Регулатива која ги покрива основите на управување со пакување и отпад од пакување. |
| | Национален регистар на индикатори за животната средина | Закон за животна средина | Надзор и извештај за состојбата со животната средина, покривајќи ги следните области: вода, почва, отпад, воздух, климатски промени, земјоделие, енергија и други. |

# ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД ЕВРОПА

Истражувањето на ГринЛинд идентификува успешни примери на МСП во спроведување на одржливи бизнис практики ширум Европа. Иако се работи за различни области овие организации покажуваат сличен пристап кој го подобрува еколошкото постапување, конкурентност и долгорочна издржливост.

**ККЛУЧНИ ПОРАКИ ЗА МСП**

- Одржливоста создава бизнис вредност.
- Иновацијата ја зајакнува конкурентноста.
- Соработката ја забрзува зелената транзиција.
- Вклучувањето на вработените го движи долгорочниот развој.
- Дигиталните технологии поддржуваат одржливост.

**НАЈЧЕСТИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕХ**

- Кружна економија
- Енергетска ефикасност
- Дигитализација
- Соработка
- Иновација
- Одржливост



## ШПАНИЈА

**Управување со одржлива индустрија и ресурси**

✓ Одржливо производство
✓ Еколошка иновација
✓ Практики на кружен бизнис
✓ Зелена конкурентност

## Словенија

**Производство и хемиска индустрија**

✓ Кружна економија
✓ Рециклирање на материјали
✓ ISO 14001
✓ Енергетска ефикасност
✓ Водородни иновации

## Северна Македонија

**Управување со отпад и зелено производство**

✓ Рециклирање
✓ Намалување на отпад
✓ Енергетска оптимизација
✓ Одржливо производство

## ГРЦИЈА

**Обновлива енергија и одржливо земјоделство**

✓ Обновлива енергија
✓ Одржливо производство на храна
✓ Ресурсна ефикасност
✓ Климатска издржливост

**Успешните МСП спојуваат одржливост, иновација и соработка за да креираат долгорочна бизнис вредност додека придонесуваат кон европската зелена транзиција.**

# ШТО НИ’ КАЖАА МСП ОД ЕВРОПА?

Истражувањето на ГринЛид собра впечатоци од МСП и даватели на услуги од стручно образование од европските држави за подобро да се разберат нивните потреби, предизвици и очекувања за зелената транзиција. Резултатите се фунскционалноста на Рамката на зелениот лидер и обуката.

**250** учесници → **83.6%** МСП → **16.4%** стручно образование → **4** држави → Повеќе економски сектори → Менаџери, човечки ресурски и експерти за одржливост

### ЗНАЕЊЕ

Познавањето на животната средина е скромно што укажува на потребата од практична обука.

### ОДРЖЛИВОСТ

Одржливоста се подразбира како стратешки  приоритет од повеќето организации.

### ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Дигиталните алатки се суштински важни за спроведување на одржливи практики.

### ПОТРЕБИ ЗА ОБУКА

На МСП им требаат практична и применлива обука.

### ПРЕЧКИ

Високи трошоци, недостаток од вештини и сложената регулатива остануваат главни пречки

### ПОДДРШКА

МСП бараат практични насоки, дигитални алатки и експертска поддршка.

**Истражувањето потврдува дека МСП се високо мотивирани за да ја прифатат одржливоста, но бараат практична надградба на способности, пристапни алатки и насочена поддршка за успешно спроведување на зелената транзиција.**

# ПРЕПОРАКИ

Постоечки европски и државни политики веќе ги дефинираат целите на одржливост. ГринЛид ги надополнува со тоа што нуди како МСП можат да ги спроведат преку претставување на профилот на Зелениот лидер, Зелени области, хармонизирана рамка на способности и практична обука заснована на вештини.



## ЗА КРЕАТОРИТЕ НА ПОЛИТИКИ

- **Препознавање на Зелениот лидер како професија.**
- **Прилагодување на националните политики за вештини со GreenComp, ESCO & EQF.**
- **Поддршка на Зелени области кај МСП.**
- **Финансирање на зелен тренинг врз основа на вештини.**





## ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

- **Развој на обуки за Зелениот лидер.**
- **Нуди микроакредитации по области.**
- **Употреа на реални студии на случај на МСП.**
- **Комбинирање на зелени и дигитални вештини.**





## ЗА БИЗНИС ПОДДРШКА

- **Поддршка за МСП во назначување на Зелени лидери.**
- **Обезбедување на проценка за зелени вештини.**
- **Поддршка на МСП да воспостават Зелени области**
- **Поддршка на ESG дигитални алатки.**





## ЗА МСП

- **Назначување на внатрешен Зелен лидер.**
- **Воспоставување на Зелени оддели.**
- **Надзор на одржливост со дигитални алатки.**
- **Инвестирање во постојана надградба на зелени вештини.**



**Зелената транзиција на Европа зависи од пренесување на политиките за одржливост во практични вештини, организациски капацитет и секојдневната работа.**

# ЗАКЛУЧОК

ГринЛид истражувањето покажува дека зелената транзиција не е повеќе само еколошка амбиција, туку прераснува во двигател на иновација, издржливост и долгорочна конкурентност за МСП. За успешно спроведување не се потребни само политики туку и практични вештини, дигитални алатки и цврста соработка помеѓу образованието, субјектите за поддршка на бизнисите и индустријата.

## Кон зелен и поконкурентен МСП сектор

## КЛУЧНИ НАОДИ

**Одржливост**

*станува бизнис потреа.*

**Дигитални и зелени вештини**

*мора да се развиваат заедно*

**Доживотно учење**

*поттикнува успешна зелена транзиција*

**Соработка**

*ги забрзува иновацијата и промената*

**Конкурентност**

*се зајакнува преку одржливост*

## ПОРАКА ЗА КРАЈ

**Градењето на одржлива иднина бара повеќе од нови технологии - неопходни се луѓе со вистински вештини, организации кои се подготвени за иновација и цврсти партнерства ширум Европа.**

## ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ ЗА ПРОЕКТОТ ГРИНЛИД

**ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА НА ПРОЕКТОТ**

**ПЛАТФОРМА ЗА УЧЕЊЕ**

**ВИДЕО ВОДИЧ**